**ОПШТИНА ВАЛАНДОВО**

Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14, 149/15 и 53/16), член 22 став 1 точка 9 и член 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 15 став 1 точка 9, член 21 став 1 точка 11 и член 45 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово на петтата редовна седница одржана на 26.12.2025 година, донесе

# П Р О Г Р А М А

## за контрола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година

### 1. ВОВЕД

Програмата за контрола на популацијата на бездомните кучиња на подрачјето на Општина Валандово во 2026 година, е во функција на решавање на проблемот со бездомните животни - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, и е во согласност со членовите 26, 27, 28, 29 и член 30 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на РМ“ бр.149/14;149/15 и 53/16) и обврските на општините кои произлегуваат од истиот закон.

Со оваа Програма се утврдуваат активностите за третирање на бездомните животни, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот, условите, организацијата и обемот на извршувањето, како и начинот на финансирањето.

Решавањето на проблемот со зголеменото присуство на бездомните животни на јавни површини, е континуиран процес преку кој Општина Валандово на хуман начин, со третирање на овие животни, т.е. нивна стерилизација, вакцинација и повторно враќање на територијата од која се заловени, ќе ја контролира нивната популација.

Поточно Програмата подразбира заловување и стерилизација/кастрација и вакцинација на бездомните животни, т.е. сите животни дефинирани како слободни на одредена територија.

По стерилизацијата/кастрацијата и вакцинацијата сите животни се обележуваат (ушна маркичка или чип), се фотографират и регистрират и се враќат на територијата од која што биле заловени и каде што продолжуват да живеат. На тој начин бројот на кучиња природно почнува да опаѓа.

### 2. ЦЕЛИ

Главна цел на Општина Валандово, како носител на оваа Програма и релевантен субјект во процесот на решавање на проблемот со бездомните животни на својата територија, е контрола над популацијата на бездомните кучиња, ефикасно, одговорно, хумано, трајно надминување на проблемот, со што ќе се гарантира здравствената заштита и јавната безбедност на населението и ќе се спречи создавање/прилив/ на нови кучиња на улица преку:

1) спроведување на стратегијата „залови –стерилизирај – вакцинирај –врати“ на бездомните кучиња и сите кучиња кои се затекнати слободни на улица и

2) друг вид на мерки во надлежност на општината, со кои ќе се поттикне и дефинира одговорното чување на домашните миленици (забрана за неконтролирано размножување на

милениците освен во услови дефинирани со Законот за заштита и благосостојба на животните и забрана за нивно напуштање).

Контролата на популацијата на бездомните кучиња, првенствено се постигнува со стерилизација/кастрација, вакцинација, обележување и повторно враќање на животните на територијата од која што биле заловени и е метода од суштинска важност за контрола на прекумерната бројност. Со тоа се превенираат несакани раѓања, се одбегнуваат непотребни трошоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата и се избегнува нехуманото усмртување.

Стерилизираните-кастрираните кучиња повеќе не се размножуваат, се разбива појавата на глутници кои се резултат на женки во циклус, се урамнотежува хормоналниот статус на животните и опаѓаат случаите на каснувања.

Вакцинираните кучиња се прочистени од внатрешни и надворешни паразити и се здрави, а со тоа се воспоставува контрола на теренот и се исклучува можноста за појава на беснило.

Обележаните кучиња се познати на населението и имаат поголеми шанси да се вдомат.

Трошоците се еднократни и разумни, нема непотребни издатоци за долготрајно стационирање на животните во прифатилиштата.

Напореден и битен сегмент за постигнување на правилна контрола на популацијата на бездомни животни е едукација на населението и промовирање мерки за стерилизација на кучиња од страна на нивните сопственици во согласност со важечките законски прописи и мерки против напуштање животни (трајно обележување чиповање и регистрација на сопствениците на кучиња, едукација на сопствениците, казнување за неодговорните сопственици).

## 3. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во 2025 година Општина Валандово спроведе проценка на популацијата на кучиањата во рамките на општината согласно Законот и подзаконските акти од областа на благосостојбата на животните, Според ова броење и мапирање на кучињата се заклучи дека во Општина Валандово има околу 50 улични кучиња. Процентот на веќе третирани кучиња е околу 50%. Приоритет и таргет на стерилизација се редпродуктивно способните женки. Престојот на кучињата е планиран во прифатилиште во кое ќе подлежат на хуман третман не подолг од 30 дена. Залвувањето на кучиња ќе биде на територијата на Општина Валандово. Примарно ќе се таргетираат места со поголем ризик кои ќе имаат приоритет во делувањето (паркови, болница, шеталиште, училишта, градинки)

Активностите за хумано третирање на бездомни животни што се предвидуваат со оваа Програма, подразбираат:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационарот;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болести во согласност со Годишната наредба за здравствена заштита на животните;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија (стерилизација кај женските кучиња) и орхиектомија (кастрација кај машките кучиња);
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето;
- тест за социјализација
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината, доколку не се вдомат.

## 4. ЕВАЛУАЦИЈА И МОНИТОРИНГ НА ПОПУЛАЦИЈАТА НА БЕЗДОМНИ КУЧИЊА

Општина Валандово во 2025 година спроведе евалуација и мониторинг на бројот на бездомните кучиња каде заклучи дека на ниво на општина има околу 45 % затекнати кучиња на улица без присуство на сопственик но се со околувратник, што претставува процентуален примерок на потврдено сопственички кучиња кои талкаат по улиците, 40% од кучињата веќе се третирани и 10% бездомни кучиња за кои имало потешкотии да се определи полот. Сите податоци ќе се внесуваат и редовно ќе се ажурираат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство и за заловените кучиња и за вдомените кучиња.

Генерално сите кучиња биле визуелно во добра здравствена состојба.

Мониторингот на периодично ниво во текот на 2026 година ќе ги содржи следните елементи:

- Број на кучиња на улица
- Број на вратени бездомни кучиња во одреден регион од општината
- Карактеристиката на таа популација на кучиња (раса, пол, година на третман, физички и здравствени карактеристики)

## 5. ЗАЛОВУВАЊЕ И ТРАНСПОРТ

Процесот на заловување на бездомните кучиња претставува првата процедура која е директно изложена на судот на јавноста. Квалитетот на заловувањето, однесувањето на персоналот во процесот на заловувањето, може да даде позитивна слика за целата активност или да предизвика несакани реакции од лицата во непосредната околина кои се грижат за кучињата и случајните минувачи. Заради тоа, персоналот треба да биде соодветен на самата процедура, лицата треба да бидат обучени и сертифицирани за користење на методите за хумано заловување, но пред се да не чувствуваат анимозитет и предрасуди кон бездомните кучиња, како и да се способни да контактираат со луѓето на начин кој нема да ја компромитира акцијата.

Работниците ангажирани за заловување на бездомните животни треба да бидат опремени со соодветна униформа и средства за лична заштита, како и опрема: соодветно возило и приколка, јамки и мрежи за заловување, средство за привремено успивање, корпи-кафези за транспорт, околувратници и водилки, соодветни средства и опрема за евиденција и идентификација на заловените животни.

Приоритет за заловување ќе биде ставен на женските единки и пријавите за кучиња кои пројавиле агресија.

Транспортот од местото на заловување до стационарот се врши со специјално возило опремено со соодветна опрема за сместување на животните.

## 6. СТАЦИОНАР И МЕДИЦИНСКИ ТРЕТМАН

Секое заловено животно се носи во центар за третирање на бездомните кучиња, каде се подлага на клинички преглед, хируршки зафат – стерилизација/кастрација, вакцинација, прочистување од внатрешни и надворешни паразити.

Неопходно е и секое животно да биде евидентирано/регистрирано во дата база на податоци, како и обележано (со ушна маркица, чипирање или пластифициран колан) на начин кој нема да му причинува никаква болка или траума.

Стационарот е објект од тврда градба, опремен со соодветни простории за медицински третман, како и кафези - боксови за сместување на животните.

Заловените животни се транспортираат до стационарот каде се врши клинички преглед, вакцинација и дехементизација. Сите клинички здрави животни се пренесуваат во болничкиот дел. Теренската идентификација за секое заловено животно веднаш се евидентира и се заведуваат и други податоци за животното како раса, пол, старост, особени знаци, место на заловување и др.

## 7. СТЕРИЛИЗАЦИЈА И КАСТРАЦИЈА (ОВАРИОХИСТЕРЕКТОМИЈА И ОРХИЕКТОМИЈА)

Стерилизацијата е најефикасната мерка со која се спречува неконтролираното размножување и се влијае на намалувањето на бројот на напуштени кучиња на јавни површини и регулацијата на бројката на популацијата. Со неа се воспоставува контрола на репродукцијата, така што во догледно време целосно би се решил проблемот на напуштени кучиња.

Стерилизацијата на женските и машките животни се врши после детален клинички преглед. Сите животни кои по мислење на ветеринарот, ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат - стерилизираат.

По завршената операција, оперираните животни се сместуваат во болничкото одделение каде што престојуваат до зараснување на оперативната рана. Во постоперативниот период животните се сместуваат во наменските кафези, односно боксови, се врши редовно хранење и се под постојан надзор од соодветни стручни лица. Боксовите во стационарот редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор на стационарот.

Непосредно пред напуштање на стационарот над животните се врши вакцинација против беснило и дехелментизација. Животните обележани со ушна маркица, се враќаат на истата локација каде што претходно биле заловени.

## 8. ПОСВОЈУВАЊЕ И ВДОМУВАЊЕ

Посвојувањето и вдомувањето е најхуман начин за згрижување на напуштените кучиња. Сите животни кои се вдомуваат, мора да бидат вакцинирани и стерилизирани и да имаат микрочип, а оваа постапка важи и за сопственикот кој веќе имал вдомено животно.

Со цел да се промовира вдомувањето на бездомните животни, стационарите треба редовно да соработуваат со здруженијата за заштита на животни како и со заинтересираните граѓани.

Задолжително е и редовно фотографирање на сите животни и нивно објавување на наменските отворени веб портали, со цел да се олесни и поттикне процесот на вдомување миленик.

## 9. ЕВТАНАЗИЈА

Еутаназија може да се спроведе само и исклучиво на болни животни, кои се смртно болни или повредени - во терминален стадиум на болест или повреда, кога состојбата е неизлечлива, и кога е невозможно да се елиминира болка. Во тој контекст, а во рамки на оваа Програма еутаназијата смее да се изведе само како последна опција, во случаи кога не постои друг начин на едно животно да му се помогне или кога нема никој заинтересиран да го превземе понатамошното лекување на многу болно животно, како и во случаи кога станува збор за екстремно агресивно животно за кое нема можност за ресоцијализација. Одлуката за извршување еутаназија може да ја донесе само ветеринарно лице, при комисиско оправдување на одлуката од 3 ветеринарни лица. Неопходна е детална аргументација на ваквиот чекор во регистарот на еутаназирани животни. Еутаназираните животни се отстрануваат на еден од законски пропишаните начини и се закопуваат во специјално изградени гробни јами.

## 10. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на оваа Програма ќе се врши со средства од Буџетот на Општина Валандово за 2026 година, Програма Ј8 – други комунални услуги, ветеринарни услуги за кои се предвидени средства во износ од 250.000,00 денари.

Цените за заловување на животни скитници, за нивен престој во стационарот, како и за ветеринарниот третман се дефинираат со ценовникот на најповолниот понудувач, избран во постапка за јавна набавка спроведена од страна на Општина Валандово.

Бидејќи се работи за континуирана активност, со предвидените средства се цени дека, зависно од видот на третманот, на годишно ниво ќе бидат заловени и опслужени 15 до 25 бездомни кучиња.

### 11. ИЗВРШИТЕЛ

Извршител на активностите од оваа Програма е правно лице, избрано како најповолен понудувач во постапка за јавна набавка,прифатилиште за бездомни кучиња кое ќе биде одобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство, врз основа на склучен договор со општината.

### 12. НАДЗОР

Надзор над извршувањето на Програмата врши Одделението за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство и Здруженијата за заштита на животните.

Инспекциски надзор врши Одделението за инспекциски надозор на Општина Валандово.

### 13. ЕДУКАЦИЈА И ИНФОРМИРАЊЕ

Една од целите на оваа Програма е и едукација и информирање на јавноста, како важен сегмент во справувањето со неконтролираната популација на бездомните кучиња. Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е спроведување на едукативни кампањи, насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат саканите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) и сите релевантни чинители (училиштата, медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следното:

- Да се воведе концептот на одговорно сопственишство, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;
- Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизират, вакцинират, да ги идентификуват и да ги регистрират своите миленици;
- Да се поттикнат и промовират најдобрите практики од соседните земји;
- Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;
- Да се едуцират граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;
- Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;
- Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;
- Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни;
- Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

### 14. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

Совет на Општина Валандово
Претседател
Марија Чурлинова